Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18 и „Службен Весник на Република С.Македонија бр. 275/19; 14/20, 215/21 и 99/22 ), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на административни службеници по Интерен оглас бр.01/2023**

1. Во постапката за унапредување на административни службеници преку интерен оглас бр.01/2023 година, за извршител на работното место:
   - **УПР 01 01 В01 000 – Советник за координација на активностите на Градоначалникот во домашна и меѓународна соработка, Одделение за поддршка на Градоначалникот, Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности**, се избира кандидатот **Катерина Вељаноска**;

2. Одлуката за избор на административниот службеник по Интерен оглас бр.01/2023 се доставува до кандидатот и се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Ѓорче Петров на ден 18.04.2023 година објави Интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на административни службеници на работно место УПР0101В01000– Советник за координација на активностите на Градоначалникот во домашна и меѓународна соработка, Одделение за поддршка на Градоначалникот, Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности, (1) извршител.

Со Решение бр.04 –815/7 од 02.05.2023 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување која ја спроведе постапката по објавениот интерен оглас. Комисијата за селекција за унапредување на ден 05.05.2023 година спроведе административна селекција за интерен оглас видно од Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 04-815/8 од 05.05.2023 година и интервју на кандидатите видно од Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-815/9 од 05.05.2023 година. Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Комисијата за селекција за унапредување подготви финална ранг листа на интервјуираниот кандидат и до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров достави предлог листа за избор на кандидат заради избор на кандидат односно донесување на Одлука за избор.

Градоначалникот по разгледувањето на предлог листата за избор на кандидати, врз основа на законските прописи, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Општина Ѓорче Петров.

Број 04-815/10
од 08.05. 2023 год.
Скопје

Општина Ѓорче Петров
Градоначалник
Александар Стојкоски

Доставено до:
-кандидатите;
-одд.за управување со чов.ресурси;
-архива.

Изготвил: И.Крстевски